**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **а в г у с т, 2025**




**Скопје, 10.09.2025**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2025* ........................ 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* ........................ 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* ........................ 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* ........................ 5

*ЕПИДЕМИИ* ........................ 6

*СМРТНИ СЛУЧАИ* ........................ 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* ........................ 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* ........................ 6

***ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2025***

Во текот на месец август 2025 година, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 774 заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б, Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од 42,1 на 100.000 жители.

Во текот на месец август се бележи намалување на вкупниот број на заболени лица за 17,4% во однос на претходниот месец, јули 2025 (n=937). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 41,5% (n=1.322), а во однос на август 2024, се бележи намалување за 19,5% (n=961). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец август учествуваат со 11,2%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=6.884) е за 32,0% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=10.121).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=397; 51,3%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=10; 1,3%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Прилеп (I=91,7/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Охрид (I=7,8/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Македонски Брод (I=286,8/100.000).

Три ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Делчево, Пехчево и Пробиштип). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во август, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во август учествуваат со 97,3% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 41,0/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во август, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | **433** | **23,6** |
| Овчи сипаници | **234** | **12,7** |
| Салмонелози | **31** | **1,7** |
| Шуга | **18** | **1,0** |
| Инфективна мононуклеоза | **12** | **0,7** |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | **9** | **0,5** |
| Легионерска болест | **5** | **0,3** |
| Бруцелоза | **4** | **0,2** |
| Инфекции предизвикани од E.coli | **4** | **0,2** |
| Кампилобактериоза | **3** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***753*** | **41,0** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници, n=667) учествуваат со 86,2% во вкупниот број на заболени, а со 88,6% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец август 2025 година.

Во текот на август, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 433 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 55,9%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 57,5%.

Во однос на претходниот месец јули 2025 (n=461), се регистрира намалување на бројот на пријавени лица од ентероколити за 6,1%. Во однос на месец август 2024 (n=570) се регистрира намалување за 24%, како и во однос на аритметичката средина (n=989) каде се регистрира намалување за 56,2%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=2.550), пријавените случаи во август учествуваат со 17,0%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=6.884), ентероколитите учествуваат со 37,0%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2025 (n=2.550) е за 3,5% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=2.643).

На второ место по број на пријавени заболени во месец август се **овчите сипаници**, со 234 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 30,2%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 31,1%.

Во однос на претходниот месец јули 2025 (n=340), се регистрира намалување на бројот на заболени од овчи сипаници од 31,2%, додека во однос на месец август 2024 (n=200) се регистрира зголемување за 17,0%.

Во однос на аритметичката средина (n=172) се регистрира зголемување за 36,0%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=3.295), пријавените случаи во август учествуваат со 7,1%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=6.884), овчите сипаници учествуваат со 47,9%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2025 (n=3.295) е намален за 38,4% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=5.350).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во август, најголем број (n=482) припаѓаат на **цревни заболувања** (62,3%; I=26,2/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=433; 89,8%) и инциденца (I=23,6/100.000), се пријавите на ентероколити. Пријавени се и 31 случај на салмонелози (I=1,7/100.000), 9 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,5/100.000), 4 случаи на инфекции предизвикани од E. coli, 3 случаи на кампилобактериоза и по еден случај на џардијаза и шигелоза.

Во месец август, пријавени се 256 случаи (33,1% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 13,9/100.000. Од нив, најголем број (n=234; 91,4%) и инциденца (I=12,7/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 12 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 5 случаи на легионерска болест, 2 случаи на заушки и по еден случај на инфекции предизвикани од ХиБ, скарлатина и пневмококна инфекција.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во август се регистрирани 22 случаи (2,8%; I=1,2/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, 18 се случаи на шуга (81,8%; I=1,0/100.000) и по 2 случаи на бактериски менингит и вирусен менингит.

Во групата на **зоонози**, во месец август регистрирани се 8 случаи (1,0%; I=0,4/100.000). Од нив, 4 се случаи на бруцелоза и по 2 случаи на лајм борелиоза и лајшманиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 6 заболени лица (0,8%; I=0,3/100.000) *(Графикон 3)* и тоа: пријавени се 3 случаи на инфекција со хламидија (I=0,2/100.000), 2 случаи на вирусен хепатитис Б, (I=0,1/100.000) и еден случај на вирусен хепатитис Ц (I=0,1/100.000). *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во август, 2025***




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец август, пристигнати се пријави за три новорегистрирани лица со ХИВ/СИДА.

Се работи за три машки лица од Скопје и Тетово на возраст од 25-39 години *(Табела 3 во Прилог)*. Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, лицата се припадници на МСМ популацијата.

Нема регистрирано смртен случај.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.08.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 717, и тоа:

- 136 лица починале,
- 577 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец август 2025 регистрирани се 2 случаи на вирусен хепатитис Б и 2 случаи на заразни заушки, со инциденца од 0,33/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрираните два случаи на вирусен хепатитис Б, според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест.

Од регистрираните два случаи на заразни заушки, едниот е од Куманово и според возраста подлежи на задолжителна имунизација, но не е вакциниран, а вториот е од Скопје, според возраста не подлежи на имунизација и не е вакциниран. Дијагнозата кај сите случаи е потврдена лабораториски.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во текот на месец август, пријавени се вкупно 76 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец јули кога беа пријавени 27 случаи и месец август 2024 кога се регистрирани 829 случаи.

Најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (n=45), а пријавени се и 14 случаи од Тетово, 5 од Битола, 3 од Велес, 2 од Кочани и по 1 случај од Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Охрид, Струга и Струмица. Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, пријавени се позитивни од сите возрасни групи, а најголем број е регистриран кај возрасната група од 0-9 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец август, се тестирани вкупно 573 материјали, за 2,1% помалку во однос на минатиот месец (n=585).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.08.2025, пријавени се вкупно 352.223 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.176,8/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

***ЕПИДЕМИИ***

Во текот на месец август, до Институтот за јавно здравје **не е пристигната пријава за епидемија на заразно заболување**.

***СМРТНИ СЛУЧАИ***

Во текот на месец август, **не се регистираше смртен случај од акутно заразно заболување**.

***ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ***

Во текот на август, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 770 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=560; 72,7%), ЦЈЗ Куманово (n=62; 8,1%) и ЦЈЗ Битола (n=51; 6,6%). (*Табела 4 во Прилог*).

Најчесто пријавувани причинители во месец август се: *MRSA (n=170; 22,1%), HPV (103; 13,4%)* и *Salmonella enteritidis (60; 7,8%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* E.coli ESBL, Salmonella enteritidis, Acinetobacter baumanii, E.coli, E.coli ентеропатогена, Proteus mirabillis, Klebsiella pneumoniae, Klebsiella pneumoniae ESBL, Enterobacter cloacae ESBL, Enterovirus, Staphylococcus aureus.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Струмица, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Струга, ЦЈЗ Велес.

***БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ***

Во текот на месец август, ***пристигнати се десет пријави*** за заразно заболување од кои 4 за рота вирусна инфекција, 2 за салмонелоза и по 1 за ентероколит, алиментарна интоксикација, туберкулоза и денга, кај странски државјани од Швајцарија, Косово, Австрија, Германија, Босна и Херцеговина, Турција и Словачка кои привремено престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрираниот случај на денга е импортиран случај, 30-годишно женско лице, странски државјанин од Словачка, која во периодот од 11.08 до 16.08.2025 година престојувала во Тајланд, на 16.08.2025 се вратила во Словачка кадешто на 21.08.2025 развила симптоми, со појава на температура, главоболка, болка во мускулите, еритематозен макулопапуларен осип, малаксаност и замор, а дошла како турист во Р.С.Македонија на 22.08.2025.

На 25.08.2025 е направена молекуларна дијагностика со PCR, со позитивен резултат за денга. Пациентката е третирана на КИБФС.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***